Информативен лист

# Жалби врз основа на Законот против расна дискриминација

## Што е Законот против расна дискриминација?

Со *Законот против расна дискриминација од 1975 година* (Комонвелт) (во натамошниот текст ЗПРД) [*Racial Discrimination Act 1975* (Cth)] е противзаконски да бидете неправедно третирани поради вашата раса, боја на кожа, потекло, национално или етничкото потекло, или доселенички статус.

Исто така, според него расната омраза е противзаконска.

## Кога може да се користи овој закон?

Вие може да го користите ЗПРД за да бидете праведно третирани во многу области на јавниот живот:

- **Вработување** – добивање на работа, критериуми и услови за работа, обука, унапредување, отпуштање од работа.
- **Образование** – запишување или учење во приватно или државно училиште, колеџ или универзитет.
- **Домување** – изнајмување или купување куќа или стан.
- **Добивање или користење на услуги** – како, на пример, работење со банка или осигурување, услуги од владини министерства, транспортни или телекомуникациски услуги, професионални услуги, на пример, од правници, доктори или трговци, услуги во ресторани, продавници или објекти за забава.
- **Пристап на јавни места** – на пример, паркови, владини канцеларии, ресторани, хотели или трговски центри.

## Што е расна дискриминација?

Расна дискриминација е кога односот кон некое лице е помалку поволен одошто кон некое друго лице во слична ситуација, поради неговата или нејзината раса, боја на кожа, потекло, национално или етничко потекло, или доселенички статус. На пример, „директна дискриминација“ е ако агент за недвижности одбие да изнајми некому куќа поради неговото или нејзиното расно потекло или боја на кожа.

Расна дискриминација е исто така кога постои правило или политика што е иста за сите, но има неправеден ефект на луѓе од некоја раса, боја на кожа, потекло, национално или етничко потекло, или доселенички статус. Тоа се вика „индиректна дискриминација“. На пример, индиректна дискриминација може да биде ако некоја компанија одреди дека вработените не смеат на работа да носат шапка или на друг начин да ја покриваат главата, бидејќи тоа веројатно има неправеден ефект на лица од некое расно или етничко потекло.

## Што е расна омраза?

Противзаконски е на јавно место да се направи нешто што - врз основа на расата, бојата на кожата, националното или етничкото потекло на некое лице или група луѓе - веројатно ќе предизвика **навреда, понижување или вознемиреност**.

Примери на расна омраза може да вклучуваат:

- материјали на интернет, навредливи на расна основа, вклучувајќи е-форуми, блогови, страници на социјални мрежи и страници за размена на видео-содржини
- коментари или слики навредливи на расна основа, во публикации како што се весници, списанија или летоци
- говори на јавни собири, навредливи на расна основа
- погрдни коментари, навредливи на расна основа, на јавно место - на пример, во продавница, работно место, парк, јавен превоз или училиште
- погрдни коментари, навредливи на расна основа, на спортски настани од страна на играчи, гледачи, тренери или службени лица.

## Кога однесувањето што е навредливо на расна основа, не е противзаконско?

Цел на Законот против расна дискриминација е да воспостави рамнотежа помеѓу правото на слободно изразување („слобода на говорот“) и правото да се живее без расна омраза. Во ЗПРД се вели дека следниве работи не се противзаконски ако се **„направени разумно и со добри намери“** во:

- **уметничко дело или претстава** – на пример, во драмско дело во кое некој карактер се однесува на начин што е навредлив на расна основа.
- **изјава, публикација, дискусија или дебата во вистински академски или научни цели** – на пример, во дискусија или дебата за јавни прашања како што се доселувањето, мултикултурализмот или за специјални мерки за поедини групи.
- **праведно и точно известување за тема од јавен интерес** – на пример, точен напис во весник за однесување што е навредливо на расна основа.
- **давање праведен коментар**, ако коментарот е израз на вистинско уверување на лицето.

## Што може да сторам ако сум изложен на дискриминација или расна омраза?

Можете тој проблем да го покренете директно со лицето или лицата кои се вмешани.

Ако тоа не го реши проблемот или не ви е пријатно да го правите тоа, можете да се жалите на Австралиската комисија за човечки права (Australian Human Rights Commission). Во ваше име жалба може да вложи и некој друг, на пример адвокат, претставник или синдикат (trade union).

Поднесувањето на жалба до Комисијата е бесплатно.

Вашата жалба треба да биде во писмена форма. Комисијата има образец за жалби што може да го пополните и да нѝ го испратите по пошта или по факс, или жалбата може да ја поднесете по интернет на нашата интернет страница. Ако не можете да ја напишете жалбата, ние може да ви помогнеме.

За вашата жалба да биде полноважна, настаните во врска со кои се жалите на противзаконска дискриминација мора да се спорни во разумна мера и вие мора да дадете доволно податоци за вашите наводи, вклучително што се случило, кога и каде се случило, и кој бил вмешан во тоа.

Жалбата може да биде напишана на кој и да е јазик. Ако ви треба преведувач, ние може да го организираме тоа.

## Каде може да добијам повеќе информации?

Податоците за контакт на Австралиската комисија за човечки права се следни:

**Телефон**
Национална информативна служба: 1300 656 419 или (02) 9284 9888
TTY: 1800 620 241 (бесплатно)
Факс: (02) 9284 9611

**Поштенска адреса**

GPO Box 5218
Sydney NSW 2001

**Интернет**
Електронска пошта: infoservice@humanrights.gov.au
Интернет страница: www.humanrights.gov.au

Жалба можете да поднесете по интернет на
www.humanrights.gov.au/complaints_information/online_form/index.html.

Ако сте глуви или имате попреченост на слухот, можете да стапите во контакт со нас преку TTY на 1800 620 241. Ако ви треба *Auslan* преведувач, ние може да го организираме тоа.

Ако сте слепи или имате попреченост на видот, на ваше барање може да ви обезбедиме информации во алтернативни формати.

April 2020

## Други места за поднесување на жалба поради расна омраза

Ако сте загрижени поради навредливи написи во средства за јавно информирање, емисии или содржини на интернет, можете да се жалите на Australian Communications and Media Authority (ACMA), за огласи (реклами) на Advertising Standards Board, или на Australian Press Council за написи во весници. Исто така можете да се жалите на уредникот или менаџерот на организацијата за јавно информирање (media organisation).

Ако ве загрижува навредливото однесување на соседите, можете да се обратите на Community Justice Centre заради помош да се реши проблемот или на Department of Housing ако живеете во државен стан или куќа.

**Ако ви се заканиле со насилство или сте биле насилно нападнати, одете во полиција.**

## Општ правен совет

Ако размислувате за поднесување жалба, може да побарате правен совет или да стапите во контакт со вашиот синдикат (trade union). Комуналните правни служби (community legal services) може да дадат бесплатни совети во врска со дискриминација и малтретирање. Податоци за контакт со вашиот најблизок комунален правен центар може да се најдат на www.naclc.org.au/directory.

**Појаснување: Информациите во овој информативен лист се дадени само како упатство. Тие не се замена за правни совети.**